# ŠIJAKOVIĆ — ШИЈАКОВИЋ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

*Она што на оваа изложба го предлага Тома Шијаковиќ е антологиски приказ на една последна етапа од неговото сликарство. Започната е во месеците после скопската катаклизма. Во неа се влеваат пороите на неколку тока на сложената естетска свест и ликовни афинитети на уметникот.*

*Овој сликарски миг на Шијаковиќ е, упростувајќи го проблемот, во основата последица на своевидна осмоза што тлее во неговите творби меѓу дијаметрално различни историско-творечки поттици и состојби. Од една страна: средновековната епоха, нејзината цивилизација, мисловност, емоционалност означени со особена догматска, есхатолошка, трансцендентна ситуација. За Шијаковиќ таа е повод за посегање по нејзината надворешна, појавна форма; по видливите уметнички, ликовни, пластични симболи со кои таа се соопштува на човечкиот дух. Од друга страна: современата епоха, која до апсурд ги доведува спротивностите меѓу незапирливите победи на човечкиот дух, условува напросто неуротичен напредок на една техницизирана и урбанизрана цивилизација и е следена од визијата на едно тотално, апокалиптично уништување; се придружува со горчливото чувство за апсурдната беспомошност, беда и ништожност на човекот како обесмислена појава, отуѓена, обесправена личност. Не настојувајќи да го искаже овој сложен материјал со (или токму против) крути, догматски идеолошки опсервации, определби и шеми, Шијаковиќ овој миражен, неврастичен, морбилен свет го доловува со својот интелект; но го чувствува, асимилира и на некој начин што содржи во себе нешто атавистичко, исконско условено, некакво ирационално и несвесно определување.*

*Така подложувајќи ја својата личност на тегобната и морничава дилема за определба меѓу одминатото и она што е сегашност или она што доаѓа, Шијаковиќ излезот на своето творечко реализирање го бара, насетува, дебне најмногу во фанатичната и болна чувствителност, за пулсациите, за токовите на животот во кои се исцрпува неговото физичко и духовно постоење.*

*Етапите на сликарскиот развој на Шијаковиќ се фина илустрација за овие глобално укажани хоризонти на неговата творечка ориентација. Тие можат да се скицираат во три грубо определени фази. Првата, фигуративна, во која сликарството на уметникот се исцрпуваше во неколку насоки: прво, во манирот на колористички интензивен сликарски реализам, следен потоа од фовистички ефинитети, од своевидна колорстичка експресивност: таа постапно се преобрази во аглест, линеарен, аскетски експресионизам на формата и на крај во надреалистичко-метафизички визии. Втората во која Шијаковиќ се провери во неколку варијанти на апстрактната уметност, запазувајќи ги усвоените надреалистички акценти; и навестувајќи ја во формалинте особености на својот ликовен израз својата натамошна ориентација: кон еден сѐ понагласен интерес за традицијата и, напоредно со тоа, за користење „несликарски“ материјали во своето сликарство. Третата, основно прикажана на оваа изложба, во која, после повторното повремено враќање кон фигурата, Шијаковиќ напоредно изградува ед-*

*на нова, особена фигуралност, предметност; и во која, малу или повеќе во зависност од линијата на развојот и од конкретното дело, е присутна најизразито една своевидна, творечки невоедначена, синтеза на епохите.*

*Оваа чудесна симбиоза во дивергентната и сложена пластична реалност на творечките потфати на Шијаковиќ: меѓу традицијата, во македонско-византиско-фолклорно-ортодоксната варијанта и современото, насетено во структурата на едно урбанизирано, технолошки и индустриски обезбедено и условено постоење, што ја овозможува и оповековната цивилизација; меѓу структурата на една некогашна естетика и климата што владее во последните години во ликовната уметност, има во оваа последна етапа на неговата уметност свои последични условености. Некои од нив ги укажав во групите определби за личноста на уметникот и за средината во која делува, за атмосферата во која тој создава. Но, се чини, дека постојат и поопипливи, некои иманентно ликовни пластични погодности за таква комуникација меѓу различни творечко-ликовни епохи. Македонската ликовна уметничка традиција открива необична ингениозност во своите изразни типови, неконвенционална е — во релација со канонско-догматските определби што се во нејзината основа — и несопирлива во својата пластична имагинација. Така некои откритија, „труваи“ на ликовната уметност од нашиот век: колажот, комбин-пејтингот, слика — релјеф, асамблажи и тн., со извесно упростување на работите, не се исклучени ов своевидна форма и во македонската средновековна ликовна клима. Пластичните додатоци, релјефноста во сликата, иконата, „колажи“ на скапоцени метали и камења и тн., се чести појави во неа: иаку е условот за нивното присуство пред сѐ религиозен, култен. Тоа создава уште една погодност за средба на два временско-просторно и духовно — естетски дистанцирани светови, претпоставка е за создавање можност за нивната превасходно пластична средба во конкретното уметничко дело на современиот уметник.*

*Иконата му ја понуди на Шијаковиќ својата формална структура, богатството на својот ликовен репертоар: и барем одблесокот на својата трансцедентална, метафизичка и мистична симболика што е транспонирана во неа. Иако различни по својата пластична структура, творбите на Шијаковиќ од последните години откриваат некои заеднички особености. Во нив се преселува, претворен во симбол, метафора, алузивно-асоцијативна опстановка, секој настан или личност од доменот на животната практика, амбиент и интерес на уметникот. Постапно, особено во 1965, нишките на традицијата се вто-пуваат во една нова насоченост на Шијаковиќ: максимално се асимилираат, первертираат во една нова, поамбициозна симболика, која повеќе му припаѓа на времето што го живееме. Од друга страна: таа му припаѓа како насока на оние тенденции што широко се означуваат како нова фигурација, поп-арт, а во Европа основно се одбележува со терминот нов реализам. За него Пјер Рестани вели дека е тоа европски одговор на еден општ, светски проблем: дека откривањето на урбаниот фолклор доби изглед на едно вистинско откровение. Под негова власт новите реалисти нѐ принудија да го гледаме наследството на дадаизмот и поводите за неговата повторна појава под една поинаква светлина. Дадаизмот, тој симбол за врвот на уметничката „негативност“, за појава што ги урнува и жигосува сите вредности на буржоаското општество, одеднаш се исполни со поизтивна смисла, Симболите на антиуметноста, реди-мејд на Дишам и колажите на Швитерс станаа основни поттици и елементи на еден нов изразен репертоар.*

*Но и во случајот на Шијаковиќ (нешто што недоволно е разбрано и од југословенската ликовна критика и естетика) се јавува една, површно гледано, противречност: која, пак според Рестани, ја докажува една особеност на актуелната европска ликовна ситуација. Тоа е очигледноста дека европското културно наследство, покрај се што може да има во него свенато, одбивно, далечно за една со-*

времена состојба на свеста, му дава на сликарите кои го прифаќаат или кои му се подложни, една вторичност, една способност за споредување со дистанца: што кај најлуцидните дозволува едно продирање во јадката на нештата, една комлексност на мотивациите погодни за највисоки остварувања.

Сиот алфабет на знаци, форми, емблеми, метафори во творбите на Шијаковиќ од последните години во соновата им припаѓаат, барем како настојување, на овие актуелни ликовни потфати. Во нив се афирмира таа најдрска новина, експресивниот и пиктуралниот карактер на таа нова форма на сликарството, што може понекогаш да ги нема повеќе изгледите на „традиционалното“ сликарство: но која, меѓутоа, останува длабоко поврзана со пиктуралниот и ликовниот свет. Шијаковиќ третирајќи го објектот (што е поадекватен термин за сегашните негови скулпто-слики, за тие своевидни асамблажи) не е било која личност која ракува со било кој објект: уметникот е пронаоѓач и производител на еден ликовен предмет или објект направенод повеќе предмети или објекти (дрвените, пластичните, металните и тн. структури и „додатоци“ во делата на Шијаковиќ), кој прикажува предмети-објекти, е прикажан со предмети-објекти, го заместува предметот или објектот со предмет или објект. Накусо, кај Шијаковиќ срекаваме создавање на дела и облици, структура често во тридимензионална пластика, што иако не е повеќе некјоа слика, е претстава за самата материја на моделот што го прикажува и на неговиот знак. И оваа фигура — објект — слика може да биде сликана, во класичната смисла на зборот или претставена со грубиот предмет — објект.

Очигледно е дека овие творби на Шијаковиќ се амбивалентни и полни со противречни настојувања. Во нив е, меѓутоа, присутен како најкарактеристична ознака ориентирањето кон оној современ реалзам, што е роден од едно ново чувство на модерната природа, индустриска и урбана.

Борис Петковски



МУСАНДРА I



МУСАНДРА II



МУСАНДРА III



МУСАНДРА IV



## *КАТАЛОГ*

1. *За голема музика ортодоксна*
2. *За спомен ортодоксен*
3. *Голем тестамент*
4. *Број на мојата куќа*
5. *Во чест на столиците*
6. *Два бога*
7. *Еден црвен бог*
8. *Лежечки бог*
9. *Мал тестамент*
10. *Слика I*
11. *Слика II*
12. *Слика III*
13. *Слика IV*
14. *Слика V*
15. *Слика VI*
16. *Слика VII*
17. *Слика VIII*
18. *Слика IX*
19. *Слика X*
20. *Слика XI*
21. *Слика XII*
22. *Слика XIII*
23. *Слика XIV*
24. *Слика XV*
25. *Слика XVI*
26. *Слика XVII*
27. *Слика XVIII*

*Томо* *ШИЈАКОВИЌ*

Роден 1930 на Косово Поле, Југославија. Академија за ликовни уметности завршил во Љубљана. Самостојни изложби: Скопје — повеќе пати, Белград, Ниш, Скопје (во Р. Калчевски) — 1965. Групни изложби: учествувал на бројни изложби на современата македонска уметност со ДЛУМ, како и на изложбите на СЛУЈ во земјата, I и II триенале на ликовните уметности во Белград. Во странство излагал во Лондон, Брадфорд, Рим, Торино, Нирнберг.